Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 2, а во врска со член 28 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 март 2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

**Член 1**

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/20,133/20 и 49/22), во членот 6-а ставот (1) се менува и гласи::

„По исклучок од член 6 од овој правилник во услови на зголемување или намалување на берзанските цени на нафтените деривати и/или на курсот на УСД доларот во однос на денарот, коишто ќе предизвикаат зголемување или намалување на малопродажните цени поголемо или еднакво на 2,00 денари/литар за моторни бензини и/или дизел гориво и/или масло за горење, односно 1,000 денари/килограм за мазут, во однос на соодветните малопродажни цени утврдени во последната одлука за определување на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука за нови највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„При определување дали зголемувањето или намалувањето на малопродажните цени е поголемо или еднакво на 2,00 денари/литар за моторни бензини и/или дизел гориво и/или масло за горење, односно 1,000 денари/килограм за мазут, за утврдување на средната дневна берзанска цена на нафтениот дериват *Fob Med*i, за *i*-тиот ден од пресметковниот период, се користат котациите објавени на Platt’s European Marketscan за последните пет дена.“

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Кога нема зголемување или намалување на малопродажните цени поголемо или еднакво на 2,00 денари/литар за моторни бензини и/или дизел гориво и/или масло за горење, односно 1,000 денари/килограм за мазут, набавната цена, како и највисоките надоместоци за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи, остануваат на ниво утврдено во претходната одлука.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

.

Бр. 01-520/1
10 март 2022 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги
на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 24, став (1), точка 1), алинеја 2, а во врска со член 28, став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) е надлежна за донесување на Правилник за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

Со овој Правилник се уредува начинот на пресметка, објавување и примена на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт во Република Северна Македонија, кои ги применуваат трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт.

Со цел да се обезбеди сигурност и стабилност на пазарот со нафтените деривати и да се заштитат потрошувачите од големи ценовни осцилации, Регулаторна комисија за енергетика направи измена на Правилникот, со додавање на нов член 6-а, со кој се дефинира дека во услови на зголемување или намалување на берзанските цени на нафтените деривати и/или на курсот на УСД доларот во однос на денарот, коишто ќе предизвикаат зголемување или намалување поголемо или еднакво на 2,00 денар/литар за моторни бензини, дизел гориво и масло за горење, односно 0,300 денари/килограм за мазут, во однос на соодветните цени утврдени во последната одлука за определување на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, Регулаторната комисија за енергетика ќе донесува одлука за нови малопродажни цени на нафтените деривати, кој е објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.49/22).

Во постапката на практична примена на одредбите на членот 6-а се воочија одредени недостатоци во поглед на висините на зголемувањето или намалувањето на малопродажната цена на мазутот со што се одлучи параметарот на висината да се зголеми од 0,300 денари/килограм на 1,000 денари/килограм, како и да се прецизираат ситуациите кога при зголемувањето или намалувањето на малопродажните цени поголемо или еднакво на 2,00 денари/литар за моторни бензини и/или дизел гориво и/или масло за горење, односно 1,000 денари/килограм за мазут набавната цена, највисоките надоместоци за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи, ќе останувааt на ниво утврдено во претходната одлука.

Во согласност со Деловникот за работа, Регулаторната комисија за енергетика на 10 март 2022 година одржа седница за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.